Врз основа на член 73 став (1) точка 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/25 и 135/25), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и за разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 233/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 15 мај 2026 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за одбивање на приговор**

1. Приговорот на Филип Бошков со бр. УП2-09-161/26 од 24 март 2026 година против Решението со кое се одбива барањето за исклучување од системот за дистрибуција на топлинска енергија бр.03-409 од 02.03.2026 година, од ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ СКОПЈЕ, СЕ ОДБИВА.

2. Решението со кое се одбива барањето за исклучување од системот за дистрибуција на топлинска енергија бр.03-409 од 02.03.2026 година, од ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ СКОПЈЕ, СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Филип Бошков, до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), поднесе приговор бр. УП2-09-161/26 од 24 март 2026 година против Решението со кое се одбива барањето за исклучување од системот за дистрибуција на топлинска енергија бр.03-409 од 02.03.2026 година, од ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ СКОПЈЕ.

Филип Бошков до ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ СКОПЈЕ поднел Барање за исклучување за стан на бул. Партизански Одреди, бр. 149/1-28. Кон барањето приложил придружна документација.

Постапувајќи по барањето, ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ СКОПЈЕ како првостепен орган во постапката донело Решение со кое се одбива барањето за исклучување од системот за дистрибуција на топлинска енергија бр.03-409 од 02.03.2026 година.

Незадоволен од Решението со кое се одбива барањето за исклучување од системот за дистрибуција на топлинска енергија бр.03-409 од 02.03.2026 година, од ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ СКОПЈЕ, именуваниот поднесе приговор до Регулаторната комисија за енергетика.

ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје во произнесувањето го наведе следното:

„За корисникот Филип Бошков, со адреса бул Партизански Одреди бр 149/1/28 и комерцијална шифра 600349 Ве информираме за следново:

- корисникот има поднесено барање за времено исклучување за грејна сезона 2025-2026 и по истото е постапено. Корисникот е со статус како времено исклучен корисник. Има доставено и Изјава за времено некористење на објектот.

-корисникот поднесува барање за трајно исклучување и доставува елаборат. Елаборатот е анализиран од стручните служби и е одбиен со соодветни образложениија. (прилог елаборатот и Решението за одбивање)

- корисникот има направено и промена на сопственост во 2025 и по истото е постапено.

Корисникот воедно рекламира за:
- непочитување на одлука од  Уставен суд,
- непостоење на договорен однос со ЕСМ
- Несразмерен товар спротивен на Устав и ЕКЧП
- начело на владеење на право
- погрешно толкување и  примена на членови од закони

ЕСМ Снабдување ДООЕЛ во целост ги применува сите законски и подзаконски акти и се фактурира согласно законската и подзаконска регулатива."

На 12 мај 2026 година беше одржана седница на Комисија за постапување по приговори и разрешување на спорови од областа на природен гас, топлинска енергија и течни горива. На седницата се изврши увид во приложените докази од страна на подносителот на приговорот и страната против која е поднесен приговорот, и тоа:

- Решение со кое се одбива барањето за исклучување од системот за дистрибуција на топлинска енергија бр.03-409 од 02.03.2026 година, од ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ СКОПЈЕ,
- Елаборат, енергетска ефикасност и еколошки перформанси, греење со инвертерски клима уреди (13.000 BTU + 18.000 BTU) наспроти систем за централно греење на природен гас и мазут, кој не е потпишан/заведен од инженер со овластување за проектирање од областа на енергетската ефикасност или овластување за изработка на проектна документација за греење, за изготвување на проект за греење,
- Произнесување од ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје во врска со поднесениот приговор од Филип Бошков од Скопје УП2 09-161/26 од 24 март 2026 година.

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на приговорот утврди дека истиот не е основан.

Согласно член 54 од Правилата за снабдување со топлинска енергија („Службен весник на Република Македонија" бр.65/19, 162/19, 233/20, 312/20 и 38/22) и донесената Одлука на Уставниот суд на Република Северна Македонија У. Бр. 5/2024 од 20.05.2025 година, во станбени, станбено-деловни, деловно-станбени и деловни објекти каде распределбата на надоместокот се врши преку еден мерен уред на влез во топлинска потстаница може да се врши поединечно исклучување и поединечно времено исклучување на посебен дел од објектот.

Согласно член 54 став (2) од Правилата за снабдување со топлинска енергија  и донесената Одлука на Уставниот суд на Република Северна Македонија поединечното исклучување се врши по барање на сопственикот, кое го поднесува до снабдувачот со топлинска енергија, ако се исполнети следните услови:

1) системот на кој планира да се приклучи или системот за поединечно греење којшто ќе го користи ги задоволува условите за ефикасно поединечно греење во согласност со дефиницијата од член 1 точка 22) од овие правила,
2) системот на кој планира да се приклучи или системот за поединечно греење којшто ќе го користи, обезбедува подобри енергетски перформанси, односно е поефикасен и еколошки поприфатлив и го намалува користењето на примарна енергија во споредба со системот за централно греење на којшто е приклучен, земајќи ја предвид енергијата потребна за екстракција, конверзија, транспорт и дистрибуција, што се докажува со извештај за енергетска контрола изготвен од овластен енергетски контролор за згради

Согласно член 54-а став (1) од Правилата за снабдување со топлинска енергија  и донесената Одлука на Уставниот суд на Република Северна Македонија сопственикот на посебниот дел од објектот кој што бара да се исклучи од системот за централно греење ја спроведува следната постапка:

1) барателот ангажира инженер со овластување за проектирање од областа на енергетската ефикасност или друг соодветен инженер со овластување за изработка на проектна документација за греење, за изготвување на проектот за греење,

2) барателот пристапува кон изведба на работите во проектот за греење по добиеното одобрување од снабдувачот,
3) барателот ангажира енергетски контролор кој што изготвува извештај за енергетска контрола со кој се докажува дека изведениот систем за греење обезбедува подобри енергетски перформанси, односно е поефикасен и еколошки поприфатлив и го намалува користењето на примарна енергија во споредба со системот за централно греење на којшто е приклучен, земајќи ја предвид енергијата потребна за екстракција, конверзија, транспорт и дистрибуција,
4) барателот по писмен пат го информира снабдувачот за спроведената постапка за исклучување од системот за централно греење и ја приложува целокупната документација од спроведената постапка.

Согласно член 54-а став (2) од Правилата за снабдување со топлинска енергија и донесената Одлука на Уставниот суд на Република Северна Македонија, по спроведувањето на постапката од став (1) на овој член, снабдувачот донесува решение со кое се усвојува или одбива барањето за исклучување од системот на централното греење.

При направениот увид во приложените докази, од страна на Комисијата за постапување по приговори и разрешување на спорови од областа на природен гас, топлинска енергија и течни горива беше констатирано дека не се исполнети условите согласно член 54-а став (1) од Правилата за снабдување со топлинска енергија, односно потрошувачот нема ангажирано инженер со овластување за проектирање од областа на енергетската ефикасност или друг соодветен инженер со овластување за изработка на проектна документација за греење, за изготвување на проектот за греење, како и енергетски контролор кој што изготвува извештај за енергетска контрола со кој се докажува дека изведениот систем за греење обезбедува подобри енергетски перформанси, односно е поефикасен и еколошки поприфатлив и го намалува користењето на примарна енергија во споредба со системот за централно греење на којшто е приклучен, земајќи ја предвид енергијата потребна за екстракција, конверзија, транспорт и дистрибуција.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управен суд на Република Северна Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 09-161/26**
**15 мај 2026 година**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**